АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 28.01.2026 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 10 | 338/1 | | |


# ПОВТОРНИ ИЗБОРИ ЗА ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ГОСТИВАР, ОПШТИНА ВРАПЧИШТЕ, ОПШТИНА МАВРОВО И РОСТУША И ОПШТИНА ЦЕНТАР ЖУПА

## ИЗВЕШТАЈ
## за емитуваното платено политичко рекламирање
## за време на изборната кампања

во периодот од 22 декември 2025 година до 9 јануари 2026 година

**ВОВЕД**

Извештајот за емитуваното платено политичко рекламирање (ППР) на програмите на радиодифузерите, за време на изборната кампања за Повторните избори за градоначалник на општина Гостивар, општина Врапчиште, општина Маврово и Ростуша и општина Центар Жупа (Повторни Локални избори 2026), во периодот од 22 декември 2025 година до 9 јануари 2026 година, е подготвен врз основа на обврската од член 76-д став 8 од Изборниот законик, во кој е утврдено дека Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ) е должна на 20-тиот ден од настапувањето на предизборниот молк, до Државната изборна комисија (ДИК) да достави извештај за платеното политичко рекламирање на радиодифузерите.

Податоците во Извештајот се добиени преку мониторинг на емитуваното платено политичко рекламирање кај радиодифузерите, направен во согласност со обврската на АВМУ од член 76-в став 10 од Изборниот законик, да воспостави целосен мониторинг над радиодифузерите што ќе емитуваат платено политичко рекламирање на учесниците во изборниот процес. Дополнително, сите податоци се проверени низ постапката на потврдување на извештаите за реализирани услуги на радиодифузерите во согласност со член 76-д став 9 од Изборниот законик. Постапката на потврдување на извештаите за реализирани услуги е уредена во Упатството за потврдување на извештаите за емитувано платено политичко рекламирање (арх.бр.01-2544/1 од 15.06.2020 година и арх.бр.01-4092/1 од 24.09.2025 година), а се спроведуваше електронски, преку посебната адреса на електронска пошта izbori@avmu.mk востановена за оваа намена. Агенцијата ги потврди и достави потврдените извештаи до радиодифузерите заклучно со 16 јануари 2026 година, во рамки на законски утврдениот рок.

Според член 75-ѓ став 6 од Изборниот законик, право на емитување платено политичко рекламирање за време на изборна кампања имаат само радиодифузерите што ќе бидат регистрирани во Регистарот на радиодифузери, печатени медиуми и електронски медиуми (интернет портали) што го води ДИК. Во Регистарот на ДИК за Повторните Локални избори 2026, беа регистрирани вкупно 13 телевизии и 5 радија.

Во изборната кампања за Повторните избори за градоначалник на општина Гостивар, градоначалник на општина Врапчиште, градоначалник на општина Маврово и Ростуша и градоначалник на општина Центар Жупа учествуваа кандидати за градоначалници од Коалицијата Твоја Македонија, предводена од ВМРО-ДПМНЕ, Коалицијата Национална алијанса за интеграција – НАИ, Коалицијата за Локални избори 2025, предводена од СДСМ, Коалицијата ВЛЕН, Демократската партија на Турците во Македонија и независниот кандидат Зуљхајрат Демири. Од нив, простор за платено политичко рекламирање на

телевизиите и радијата закупија само Коалицијата Национална алијанса за интеграција – НАИ, Коалицијата за Локални избори 2025, предводена од СДСМ и Коалицијата ВЛЕН.

Врз основа на член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик, а во согласност со Упатството за радиодифузерите за Повторните избори за градоначалник на општина Гостивар, градоначалник на општина Врапчиште, градоначалник на општина Маврово и Ростуша и градоначалник на општина Центар Жупа, 2026 година (арх.бр.03-5477/1 од 18.12.2025 година), радиодифузерите можеа да емитуваат вкупно девет и пол минути (00:09:30) дополнително време за рекламирање на реален час емитувана програма исклучиво наменети за платено политичко рекламирање, од кои најмногу четири минути (00:04:00) за кандидатите од коалициите Твоја Македонија, предводена од ВМРО-ДПМНЕ и ВЛЕН, најмногу четири минути (00:04:00) за кандидатите од коалициите предводени од СДСМ - „Коалиција за Локални избори 2025“ и од ДУИ – „Национална алијанса за интеграција“, најмногу една минута (00:01:00) за кандидатот од политичката партија Демократска партија на Турците во Македонија и најмногу 30 секунди (00:00:30) за подносителот на листа од група избирачи Зуљхајрат Демири.

Согласно точка 4 од Упатството, секој подносител на листа можеше да го закупи вкупно дозволеното време за ППР од својата категорија (4 минути/4 минути/1 минута/30 секунди), доколку не постоеше заинтересираност од друг подносител на листа и доколку тоа е во согласност со постигнатите договори меѓу нив.

## КЛУЧНИ НАОДИ

За време на изборната кампања за Повторните Локални избори 2026, вкупно 9 радиодифузери – 7 телевизии и 2 радија, склучија договори со учесниците во кампањата за емитување ППР.

На сите 7 телевизии заедно беа емитувани вкупно **72 105** секунди или **20 часа 1 минута и 45 секунди** платено политичко рекламирање за Повторните Локални избори за градоначалници. На двете радија заедно беа емитувани вкупно **15 509 секунди** или **4 часа 18 минути и 29 секунди** платено политичко рекламирање. Во изборната кампања за Повторните избори за градоначалник на општина Гостивар, општина Врапчиште, општина Маврово и Ростуша и општина Центар Жупа на телевизиите и радијата заедно беа емитувани вкупно **87 614 секунди** или **24 часа 20 минути и 14 секунди** платено политичко рекламирање.

Од вкупно 13-те телевизии кои беа регистрирани во регистарот на ДИК, 7 телевизии склучија договори за емитување ППР. Најголем обем рекламно време емитуваа локалните телевизии ТВ Г-ТВ (24 561 секунда или 6 часа 49 минути и 21 секунда) и ТВ Дуе (21 462 секунди или 5 часа 57 минути и 42 секунди).

Од вкупно петте радија кои беа регистрирани во регистарот на ДИК, две локални радија склучија договори за емитување ППР, РА Комета 2000 (Радио ЏИ) кое емитуваше 8 664 секунди или 2 часа 24 минути и 24 секунди и РА 7 кое емитуваше 6 845 секунди или 1 час 54 минути и 5 секунди.

На телевизија најмногу време закупија двете коалиции Национална алијанса за интеграција - НАИ (46 553 секунди или 12 часа 55 минути и 53 секунди) и Коалицијата ВЛЕН (23 972 секунди или 6 часа 39 минути и 32 секунди). Коалицијата предводена од СДСМ закупи простор само на ТВ Канал 5 (1 580 секунди или 26 минути и 20 секунди).

На двете радија време за емитување на ППР закупија само двете коалиции Национална алијанса за интеграција - НАИ (13 705 секунди или 3 часа 48 минути и 25 секунди) и Коалицијата ВЛЕН (1 804 секунди или 30 минути и 4 секунди).

На сите радиодифузери заедно, најмногу време закупи Коалицијата Национална алијанса за интеграција - НАИ (**60 258 секунди** или 16 часа 44 минути и 18 секунди), а потоа Коалицијата ВЛЕН (**25 776 секунди** или 7 часа 9 минути и 36 секунди).

Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ, Демократската партија на Турците во Македонија и независниот кандидат Зуљхајрат Демири одлучија во оваа изборна кампања воопшто да не закупат простор за емитување на ППР на програмите на радиодифузерите.

Податоците за емитуваното платено политичко рекламирање на сите 7 телевизии и 2 радија се претставени во секунди во табелите во продолжение, во три временски периоди во денонoќието согласно образецот на извештај за реализирани услуги донесен од Државната изборна комисија.

Претходно, за подобра прегледност, во посебна табела е прикажано вкупно емитуваното време за платено политичко рекламирање по нарачател. Нарачателите на ППР во табелата се наредени според обемот на вкупно закупено време на телевизиите и на радијата заедно.

**Вкупно емитувано платено политичко рекламирање на ТВ и на РА по нарачател**

| Нарачател на платено политичко рекламирање (ППР) | ТВ (секунди) | РА (секунди) | ВКУПНО (РА+ТВ) (секунди) | ВКУПНО (ТВ+РА) (чч:мм:сс) |
|---|---|---|---|---|
| Коалиција Национална алијанса за интеграција - НАИ | 46553 | 13705 | **60258** | **16:44:18** |
| Коалиција ВЛЕН | 23972 | 1804 | **25776** | **07:09:36** |
| Коалиција за локални избори 2025, предводена од СДСМ | 1580 | | **1580** | **00:26:20** |
| **Вкупно емитувано ППР** | **72105** | **15509** | **87614** | **24:20:14** |

# ТЕЛЕВИЗИИ

| ТВ НА ДРЖАВНО НИВО<br>Времетраењето на емитуваното платено политичко рекламирање е претставено во СЕКУНДИ | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Нарачател на платено политичко рекламирање (ППР)** | **ТВ Алсат-М** | | **ТВ Канал 5** | | **ТВ Компани 21-М** | | **ТВ Шења** | |
| **Коалиција ВЛЕН** | 00:00 – 08:00 | | 00:00 – 08:00 | | 00:00 – 08:00 | | 00:00 – 08:00 | |
| | 08:00 – 16:00 | | 08:00 – 16:00 | | 08:00 – 16:00 | | 08:00 – 16:00 | 1101 |
| | 16:00 – 24:00 | 5124 | 16:00 – 24:00 | | 16:00 – 24:00 | 3300 | 16:00 – 24:00 | 1902 |
| | **Вкупно** | **5124** | **Вкупно** | | **Вкупно** | **3300** | **Вкупно** | **3003** |
| **Национална алијанса за интеграција - НАИ** | 00:00 – 08:00 | | 00:00 – 08:00 | | 00:00 – 08:00 | | 00:00 – 08:00 | |
| | 08:00 – 16:00 | | 08:00 – 16:00 | | 08:00 – 16:00 | | 08:00 – 16:00 | 1000 |
| | 16:00 – 24:00 | 1494 | 16:00 – 24:00 | | 16:00 – 24:00 | 2747 | 16:00 – 24:00 | **2954** |
| | **Вкупно** | **1494** | **Вкупно** | | **Вкупно** | **2747** | **Вкупно** | **3954** |
| **Коалиција за Локални избори 2025, предводена од СДСМ** | 00:00 – 08:00 | | 00:00 – 08:00 | | 00:00 – 08:00 | | 00:00 – 08:00 | |
| | 08:00 – 16:00 | | 08:00 – 16:00 | 444 | 08:00 – 16:00 | | 08:00 – 16:00 | |
| | 16:00 – 24:00 | | 16:00 – 24:00 | 1136 | 16:00 – 24:00 | | 16:00 – 24:00 | |
| | **Вкупно** | | **Вкупно** | **1580** | **Вкупно** | | **Вкупно** | |
| **Вкупно емитувано ППР** | **6618** | | **1580** | | **6047** | | **6957** | |

| ТВ НА РЕГИОНАЛНО НИВО<br>Времетраењето на емитуваното платено политичко рекламирање е претставено во СЕКУНДИ | | |
|---|---|---|
| **Нарачател на платено политичко рекламирање (ППР)** | **ТВ Коха** | |
| **Коалиција ВЛЕН** | 00:00 – 08:00 | |
| | 08:00 – 16:00 | |
| | 16:00 – 24:00 | 4880 |
| | **Вкупно** | **4880** |
| **Вкупно емитувано ППР** | **4880** | |

| ТВ НА ЛОКАЛНО НИВО<br>Времетраењето на емитуваното платено политичко рекламирање е претставено во СЕКУНДИ | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Нарачател на платено политичко рекламирање (ППР)** | **ТВ Г-ТВ** | | **ТВ Дуе** | |
| **Коалиција ВЛЕН** | 00:00 – 08:00 | | 00:00 – 08:00 | 300 |
| | 08:00 – 16:00 | | 08:00 – 16:00 | 60 |
| | 16:00 – 24:00 | 4725 | 16:00 – 24:00 | 2580 |
| | **Вкупно** | **4725** | **Вкупно** | **2940** |
| **Национална алијанса за интеграција - НАИ** | 00:00 – 08:00 | | 00:00 – 08:00 | 78 |
| | 08:00 – 16:00 | | 08:00 – 16:00 | |
| | 16:00 – 24:00 | 19836 | 16:00 – 24:00 | 18444 |
| | **Вкупно** | **19836** | **Вкупно** | **18522** |
| **Вкупно емитувано ППР** | **24561** | | **21462** | |

# РАДИЈА

| РАДИЈА НА ЛОКАЛНО НИВО<br>Времетраењето на емитуваното платено политичко рекламирање е претставено во СЕКУНДИ | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Нарачател на платено политичко рекламирање (ППР)** | **РА Комета 2000** | | **РА 7** | |
| **Коалиција ВЛЕН** | 00:00 – 08:00 | | 00:00 – 08:00 | |
| | 08:00 – 16:00 | 1804 | 08:00 – 16:00 | |
| | 16:00 – 24:00 | | 16:00 – 24:00 | |
| | **Вкупно** | **1804** | **Вкупно** | |
| **Национална алијанса за интеграција - НАИ** | 00:00 – 08:00 | | 00:00 – 08:00 | |
| | 08:00 – 16:00 | 6860 | 08:00 – 16:00 | 4763 |
| | 16:00 – 24:00 | | 16:00 – 24:00 | 2082 |
| | **Вкупно** | **6860** | **Вкупно** | **6845** |
| **Вкупно емитувано ППР** | **8664** | | **6845** | |